ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

СУ бр. 07-31/21-1

24.12.2021 година

Битола

Судскиот администратор на Основен суд Битола, Силвана Дејаноска, врз основа на член 43 став 1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 33/15,98/18,61/16 и 198/18), а по спроведената постапка по Интерен оглас бр.01/2021, за унапредување на судски службеник, за работно место Судски референт-дактилограф 1 (еден) извршител, по доставениот Предлог за унапредување од страна на Комисијата за селекција за унапредување СУ бр. 04-62/21-4 од 23.12.2021 година, на ден 24.12.2021 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидат за унапредување на судски службеник**

За работно место - Судски референт-дактилограф 1 (еден) извршител, категорија ,,Г,, ниво ,,Г-3,, шифра СУД 0101Г03001, по интерниот оглас на Основен суд Битола 01/2021 се избира кандидатот:

Кристина Вељановска.

Решение за унапредување на избраниот кандидат ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиено известувањето на Министерство за финансии бр. 18-10235/2 од 03.12.2021 година и согласност од Судски Буџетски Совет на РСМ бр. 08-890/6 од 07.12.2021година за обезбедени финансиски средства, од страна на Основен суд Битола на веб страната на судот на ден 14.12.2021 год. беше објавен Интерен оглас бр.01/2021, за унапредување на судски службеник, за работно место Судски референт-дактилограф 1 (еден) извршител.

Во законски предвидениот рок за ова работно место беше доставена 1-една пријава.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување спроведена е постапка за административна селекција и составен е записник СУ бр. 04-62/21-4 од 23.12.2021 година.

Комисјата за селекција за унапредување, согласно член 5 став 1 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас ... („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2020), изврши интервју со кандидатот, за што состави записник Су бр. 04-62/21-4 од 23.12.2021 година.

После спроведеното интервју, од страна на Комисијата за селекција за унапредување составена е конечна ранг листа и до Судскиот администратор доставен е Предлог за унапредување СУ бр.04-62/21-4 од 23.12.2021 година со кој се предлага унапредување на кандидатот Кристина Вељановска.

Судскиот администратор, согласно член 43 став 1 од Законот за судска служба, имајќи го во предвид Предлогот од Комисијата за селекција за унапредување одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

Судски администратор

Силвана Дејаноска

______________________

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 8-осум дена од приемот на известување за извршен избор, преку овој суд, до Совет на судска служва во Врховен суд на РСМ.

ДНА: Кристина Вељановска, архива, на огласна табла на судот, да се објави веб страната на судот.